# ЦРНОГОРСКИ СИМФОНИСКИ ОРКЕСТАР

**03 ДЕКЕМВРИ 2017**
**20:00 ЧАСОТ**





03 декември 2017

# Гостување на Црногорскиот симфонискиоркестар

## ПРОГРАМА

**М. Мусоргски:**
Слики од изложбата – свита (орк. Морис Равел)

Променада | Гном | Променада | Стар замок | Променада | Тилери (Децата си играат) | Bydlo (Воловска запрега) | Променада | Танц на пилињата во лушпите | Семјуел Голденберг и Шмул | Пазарот во Лимож | Катакомби (Со мртвите на јазикот на мртвите) | Баба Рога (Куќа на кокошкини нозе) | Големата порта на Киев

## ПАУЗА

**Х. Родриго:**
Концерт за гитара и оркестар „Аранхуез“

Allegro con spirito | Adagio | Allegro gentile

**З. Кодај:**
„Танци од Галанта“



# Григориј Краско

Заслужниот уметник на Русија Григориј Краско, дипломирал виолина и диригирање на академијата „Гнесина“ во Москва. Лауреат е на повеќе први награди на национални натпревари за виолинисти во рамките на поранешниот Советски Сојуз. Во оркестарот на славниот Бољшој театар е примен во 1972 година, а по неколку сезони ја добил улогата на солист и концертмајстор. По 12 години работа во оркестарот на Бољшој, со кој ги посетил најпознатите сцени во Европа, САД, Азија, Австралија, во 1990 година станува концертмајстор на Московската филхармонија и водач на камерниот оркестар „Московски филхармоничари“. Како диригент и солист на овие ансамбли настапувал на престижни сцени во светот. Од 1993 до 1999 година, бил првиот виолинист и менаџер на квартетот „Солисти на Московската филхармонија“, со кој настапувал во Русија и во европските земји. Со споменатите ансамбли снимил голем број на дела за радио и телевизиски станици и издавачки куќи во Русија, САД и европските земји. Соработувал со најзначајните диригенти како што се: Јуриј Светланов, Генадиј Рождественски, Јуриј Темирканов, Дмитриј Китајенко, Јуриј Симонов, Лорин Мазел, Рудолф Баршаи. Григориј Краско настапувал и со многу истакнати солисти: Јехуди Менухин, Исак Штерн, Наталија Гутман, Виктор Пикајзен, Максим Венгеров, Вадим Репин, Лучијано Паварoти, Кетлин Бетл, Суми Џо... Од 2000 до 2008 година бил професор по виолина на академијата „Гнесина“ во Москва. Потоа заминал во Црна Гора каде што во 2008 станал концертмајстор на Црногорскиот симфониски оркестар и водач на ансамблот „Црногорски гудачи“. Од 2012 година е ангажиран како диригент на ЦСО со кој извел многубројни дела од светстото музичко богатство, како и дела од домашни автори.

# Горан Кривокапиќ

Дружбата со гитарата Горан Кривокапиќ ја започнал во Музичката школа во Херцег Нови, а во 2000 година дипломирал на Факултетот за музичка уметност во Белград. По завршувањето на студиите, продолжил на Музичката академија во Келн каде што ги завршил постдипломските студии во 2006 година. Магистрирал на Конзерваториумот во Мастрихт. Добитник е на први награди на 17 меѓународни натпревари по гитара, од кои некои од нив се меѓу најпрестижните во светот. Како солист, Кривокапиќ настапувал со Словачкиот камерен оркестар, Гудачите на св. Ѓорѓе, со Филхармонијата на Торино, Чилеанскиот симфониски оркестар, Белградската филхармонија, Црногорскиот симфониски оркестар... Соло-рецитали и мајсторски часови имал во Црна Гора, Србија, Германија, Италија, Шпанија, Австрија, Холандија, Франција, Чешка, Словачка, Луксембург, Грција, Турција, САД, Канада, Мексико, Чиле и во Јужна Африка. За овој голем уметник се направени повеќе документарни емисии за домашни и за странски радио и ТВ-куќи во Европа и во Америка. На Десеттата меѓународна конвенција за гитара во Алесандрија (Италија, 2005) му е врачено признание „Златна гитара“ за најдобар гитарист во подем. Во 2005 година излегува неговото прво ЦД за „Наксос“ и наидува на одлични критики во светот. Во 2006 година, за ова ЦД добива уште едно признание „Златна гитара“ за најдобро ЦД на годината. Професор е во Уметничката школа ЛУКА во Лувен, Белгија.

Црногорскиот симфониски оркестар прв пат настапил на 14 декември во 2007 година во Цетиње и набргу станал важна алка на музичкиот живот во Црна Гора. На повеќе од 200 концерти во светот (Италија, БиХ, Србија, Хрватска, Русија, Турција, Албанија, Франција) со него, меѓу другите, настапиле видни солистички имиња, како што се: Монсерат Кабалие, Миша Мајски, Иво Погорелиќ, Иља Грינголц, Роман Симовиц, Милош Карадаглиќ, Симон Трпчески, Стефан Миленковиќ...



∗ **Кеј Димитар Влахов 66**
1000 Скопје, Македонија

**Факс**
02 3165 753

**Билетарница**
02 3238 182

**Kej Dimitar Vlahov bb**
1000 Skopje, Macedonia

**Fax**
02 3165 753

**Ticket office**
02 3238 182

contact@filharmonija.org.mk | www.filharmonija.mk

facebook.com/MakedonskaFilharmonija

@FilharmonijaMKD

makedonska_filharmonija